Бр. 02-165/7
22.08.2019
Скопје

Врз основа на член 17 и член 38 од Статутот на Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје (во понатамошниот текст: МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје ) на седницата одржана на 22.8.2018 година, Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за формирање на Комисија за работа со хартии од вредност како постојано работно тело во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје

Член 1

Со оваа одлука се формира Комисија за работа со хартии од вредност како постојано работно тело во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје.

Член 2

Во рамките на Комисијата за работа со хартии од вредност ќе членуваат членови од редот на членките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје.

Член 3

Начинот на работењето, организацијата, носењето на одлуки, мислења, ставови, препораки и заклучоци на Комисијата за работа со хартии од вредност ќе се уредува со Деловодникот за организација и работење на Комисијата за работа со хартии од вредност.

Член 4

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Скопје, 22.8.2018 година**

**Собрание на МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**КОСТА МИТРОВСКИ**

-----------------------------------------

Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење
МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА
*Скопје*